Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 18.06.2022

На 17.06.2022 на наплатната станица Сопот на автопатот „Пријателство", полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција при МВР – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во соработка со СВР Велес – Одделение за недозволена трговија со дрога го лишиле од слобода Д.Г.(19) од Кавадарци. По претходно добиена судска наредба, било запрено возилото „фолксваген поло" со кавадаречки регистарски ознаки, кое го управувал и при личен претрес кај него биле пронајдени и одземени околу 100 грама кокаин и пари. Исто така, при претрес во неговиот дом во Кавадарци, извршен со судска наредба, биле пронајдени пари во различни апоени и валути за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривичното дело. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 17.06.2022 во 21.20 часот на ул.„Герника" во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција – потраги Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Б.Д.(31) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Казнено-поправната установа Затвор Кшање - Куманово за доиздржување затворска казна од една година и осум месеци, а бил осуден на четиригодишна казна. Лицето било предадено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 17.06.2022 во 18.05 часот на ул.„Македонско-косовска бригада" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ш.(22) од Скопје. Тој бил баран по Централна потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 17.06.2022 во 12.10 часот на ул.„Христо Смирненски" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(29) од Скопје. Тој бил баран по Централна потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик.Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 17.06.2022 во 19.30 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода Б.Љ.(35) од Тетово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (17.06.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 160 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 53 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, а шест за минување на затворен сигнал – црвено светло. Изречени се и 11 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, четири за прекршоци што ги прават пешаците, три мерки за користење на мобилен телефон, осум за непропишно престигнување...

На 17.06.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Гази Баба, И.К.(40) од Скопје пријавила дека на ул.„Коце Металец" била касната од куче скитник.

На 17.06.2022 во 13.30 часот во СВР Куманово, М.С.(62) од с.Долно Којнаре, кумановско, пријавила дека на ул.„Братство единство" била касната од куче скитник.

На 17.06.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Гази Баба, 37-годишен жител на скопско село пријавил дека ма 12.06.2022 бил измамен од едно лице за сума од 15.000 денари. Според пријавеното, лицето му се јавило претходно и се претставило дека е од Тетово и побарало од него да се најдат во Тетово да договорат транспорт на вештачка трева. Подоцна, како што е пријавено, лицето повторно му се јавило и побарало од него после наплатната станица Глумово од едно лице да земе и да плати автомобилски делови, а кога ќе пристигне во Тетово ќе му ги врати парите. Исто така, според пријавеното, лицето не се појавило на договореното место во Тетово, по што тој сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 21.40 часот во СВР Скопје, 44-годишен скопјанец пријавил бил измамен од едно лице за сума од 16.000 денари. Според пријавеното, околу 09.45 лицето му се јавило и се претставило дека е од Тетово и се договорило да му изврши транспорт на разни материјали до Бугарија за одредена сума на пари. Како што е пријавено, подоцна лицето повторно му се јавило и побарало после наплатната станица Глумово од едно лице да земе и плати автомобилски дел, а кога ќе пристигне во Тетово ќе му ги врати парите. Исто така, според пријавеното, откако го зел делот неколку пати се обидел телефонски да го добие лицето, но тој не се јавувал, по што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 15.30 часот во тетовско село, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Камењане го лишиле од слобода Ќ.Т.(56) од селото затоа што физички ја нападнал неговата 25-годишна снаа. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (17.06.2022), Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 290 возачи. Од нив, 25 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 118 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 172 надвор од населено место. За време на акциската контрола санкционирани биле и 107 други видови прекршоци.

На 17.06.2022 во 18.35 часот во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода С.Р.(27) од Скопје затоа што физички ја нападнал и се обидел соостар предмет да ја повреди неговата 21-годишна невенчана сопруга од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот и по консултација со Јавен обвинител против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.06.2022 во 10.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.П.(38) од Скопје затоа што претходно на ул.„Франклин Рузвелт" агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.06.2022 околу 06.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бензинска пумпа на ул.„Антон Попов" во Скопје, едно лице физички нападнало вработен и со пиштол се заканил на двајцата вработени. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 20.00 часот во гостиварско село, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода А.Ф.(62) од селото затоа што се однесувал агресивно и се закануал на неговата 60-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.06.2022 во 20.25 часот во Полициската станица Крива Паланка, 48-годишен жител на Крива Паланка пријавил дека во семејната куќа, по претходна расправија, неговата сопруга го нападнала со остар предмет и му нанела повреди. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.06.2022 во 04.00 часот во СВР Скопје, С.М.(29) од Скопје пријавил дека околу 03.45 часот на ул.„Димитрие Чуповски" бил физички нападнат од П.М. поради претходни недоразбирања. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев" бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад од А.Л.(22) врз Љ.Р.(64), двајцата од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.06.2022 во 00.30 часот во СВР Тетово, А.Ј.(21) од Тетово пријавил дека на 17.06.2022 околу 23.40 часот на ул.„ЈНА" бил физички нападнат од лицето Л.Р. од Тетово. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 11.39 часот во СВР Скопје, Б.С.(46) од Скопје пријавил дека во 11.30 часот на ул.„Илија Димовски Гоче" бил физички нападнат од Л.Н.(53) – женско лице од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.06.2022 во 08.40 часот во СВР Скопје, П.С.(56) од Скопје пријавил дека околу 08.15 часот, додека извршувал работни задачи во градежна фирма во с.Марино, општина Илинден, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 12.30 часот во Полициското одделение Петровец, З.Т.(37) од с.Петровец пријавил дека на 16.06.2022 околу 21.30 часот на игралиштето кај општина Петровец неговиот малолетен син бил физички нападнат од Х.Ј. од с.Петровец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Побожје, општина Чучер Сандево, З.П.(57) од с.Побожје го нарушил јавниот ред и мир со физички напад врз С.П.(49) од истото село. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.06.2022 во 14.30 часот во Полициската станица Карпош, 30-годишник од Скопје пријавил дека лицето М.„Н" му се закануувало и му барало пари. Според пријавеното, тој претходно земал пари од М.„Н" и му ги вратил, но М.„Н" продолжил да му се јавува и закануува и да му бара уште пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.06.2022 околу 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населбата Илинден, на патот за населба Јурумлери, настанал пожар во нива засадена со житни култури, сопственост на С.К.(67) од населба Илинден. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 17.06.2022 во 16.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населба Илинден, на место викано „Вршник", настанал пожар на нива со површина од околу 30 хектари, засадена со јаснмен, а сопственост на повеќе лица. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 18.06.2022 во 01.05 часот во тетовско село, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода С.С.(39) од селото затоа што физички ја нападнал неговата 31-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет